# ОВЧАРСТВО

Овчарството во Р. Македонија претставува значајна сточарска гранка со долгогодишна традиција, бидејќи малите преживни животни низ векови биле основен извор на главните животински производи во исхраната на човекот во нашите специфичните семиаридни климатски услови и ридско-планинскиот карактер на релјефот.

Овчарството секогаш базирало на мали индивидуални домаќинства, фарми со големина на стадата од 20-200 овци, а поретко над 500. Со мали исклучоци тоа се семејни фарми со сопствена работна рака, сопствена обработлива површина и објекти за сместување.

Според официјалните статистички податоци од 2001 година, вкупниот број овци во Р. Македонија изнесува околу 1.250.000 грла.

Сериозен кандидат за започнување со овчарска пракса мора да знае дека овчарството претставува бизнис чиј што успех зависи од предходната процена на расположивите ресурси: работна рака, храна, објекти, расположив капитал и пазарот.

Треба да се подвлече дека овчарството базира на ефтината сточна храна од искористување на природните пасишта, така што секој обид за негово интензивирање мора да е заснован на сопствено производство на храна од оранични површини, дополнителна опрема и објекти, а со тоа и поголеми вложувања.

Овчарската фарма треба да се лоцира на сув, оцеден и заштитен од ветрови терен со јужна до југоисточна експозиција. Таа треба да е поврзана со локалната патна мрежа со достапен пат и што е особено важно да има доволно санитарно-техничка вода.

Успехот на фармата во голема мера зависи од изборот на приплодниот материјал. Пред купувањето треба да се води мерка за здравствената состојба на овците особено тест за бруцелоза, што се утврдува со уверение од надлежната ветеринарна станица.

Возраста на овците се одредува преку забите. Пожелно е асистенција од искусно лице при изборот за да се избегнат грла со одредени екстериерни мани. Возрасните овци ја олеснуваат работата зашто се навикнати на фармските операции и кај нив не се јавуваат проблеми при јагнењето како кај ѕвиските. При изборот посебно внимание се посветува на состојбата на вимето кое мора да има 2 нормално развиени боски. Овци со виме чие што една боска е оштетена со маститис веднаш се елиминира.

Доколку се набавува подмладок кој не бил во проплод треба да се води сметка дека тој се припушта на возраст од 18 месеци или кога ќе постигне 2/3 жива маса од возрасните грла. Друга можност за набавка претставуваат шкартирани овци на возраст од 6-7 години со тоа што не смее да им недостасуваат заби и да се со неоштетено виме. Тие во добри услови на одгледување можат да се користат уште 1-2 години, но никако повеќе.

Добрите почетници уште во втората година ја воспоставуваат нормалната структура на стадото, која за стадо од 100 овци ја сочинуваат 100 приплодни овци 25-30 годинашни јагниња за приплод, 20-25 лански шилежиња за приплод и 5 овни.

Расниот состав во Р. Македонија го сочинуваат домашните соеви на расата праменка и тоа овчеполскиот 60% и шарпланинскиот сој 30%, како и нивните мелези во тип на мерино раси. Нивните производни особини се во границите на карактеристиките на популацијата: жива маса од 32-35 кг, лактациска млечност од 75-90 литри и плодност 100-110%.

Националната одгледувачка програма за овчарство предвидува создавање на млечен тип на овци преку крстосување на нашите домашни популации со расата аваси, како и месен тип овца користејќи ја расата виртемберг како мелиоратор.

Расата аваси се одгледува на блискиот исток во специфични климатско-почвени услови. Спаѓа во групата на масноопашни овци. Во Р. Македонија е увезена уште во 1969 година. Се одликува со следните карактеристики: лактација 200-300 дена, од 210 до 500 кг млеко, во просек 310, со рекорд од 1050 кг, жива маса од 55-65 кг. Изглед: главата е со покривни влакна од кафејава до црна боја, овните се со развиени рогови и карактеристичен овновски профил, ушите кај двата пола се големи и клемпави.

Виртембергот е германска раса која се одликува со силна конституција, способност за одење по ридски и планински предели. Живата маса кај овните е 110-130 кг, а кај овците од 60-75 кг. Јагнето на 3 месеци е со маса од 30 кг. Плодноста е од 120-150 %. Карактеристична е бела боја, без пигментација на покривните влакна. Обата пола се шути.

Производниот систем во Р. Македонија има полуномадски, екстензивен начин. Од средината на мај до почетокот на ноември овците престојуваат на високопланинските пасишта, а во текот на останатиот дел од годината на зимските пасишта.

Технологијата на производство е традиционална што значи јагнење еднаш во сезоната јануари-февруари, одбивање на јагнињата март-април и лактација до средината на јули.

Овците можат да искористуваат различни видови на сточна храна, а особено природните пасишта, така што тие се повеќе комплементарни отколку конкуретни на одгледувањето на другите видови домашни животни.

Тие бараат значително помалку инвестиции во опрема и објекти во интензивните и полуинтензивните системи на производство споредено со говедата, свињите, кокошките и имаат поедноставна пракса на одгледување.

Исхраната на овците најчесто е базирана на сопствените можности за производство на кабаста храна и делумна набавка на концентрати-јачмен и концентрати за јагниња.

Годишните потреби за енергија од 300-350 овесни единици делумно се задоволуваат преку летната и зимската испаша од околу 150-200 овесни единици, така што преку концентрати и кабасти крми од рака треба да се осигураат околу 200 овесни единици, што најчесто не е случај.

Кај овците присутни се два периоди во исхраната и тоа зимски период кога во зависност од временските услови овците се одгледуваат во штала и летен период кога овците се на испаша.

Во услови на Р. Македонија се произведуваат 40.000.000 литри овчо млеко, според официјалните статистички податоци од 2001 година. Молзењето на овците во наши услови започнува со одбивањето и продавањето на јагнињата крајот на март и почетокот на април, односно започнува на зимските и завршува на летните пасишта. Лактацијата кај овците трае околу 5-6 месеци од кои тие се молзат околу 3-4 месеци. Молзењето се одвива 2 пати дневно, наутро и навечер, иако некои фармери на почетокот практикуваат трократно молзење.

Според техниката како се изведува постои рачно и машинско молзење. При рачно молзење мора да се запазат основните хигиенски стандарди: хигиена на ведрото, кантите, цистерните за прифаќање на млекото. Карактеристични се следните зафати при рачно молзење на овците: размолзување, измолзување и домолзување. Молзењето мора да се изведува во суви, светли и проветрени простории.

Во последно време машинското молзење се повеќе наоѓа примена во интензивната пракса, но бара инвестициони вложувања и обука на фармерите.

Стрижењето на овците вообичаено се одвива од втората половина на мај до јуни, пред качување на овците на летните пасишта.

Производството на јагнешко месо во континуитет од повеќе години е наменето за италијанскиот пазар со понуда на млечно јагне со просечна жива маса од 15 кг и тоа во 2 сезони Велигден и Божик.

Како што вели народот, половина од вредноста на стадото ја чинат овните. Затоа нивниот избор е строг и зависи од нивната генетска вредност и цената не смее да одлучува при набавката. Кај фармерите кои започнуваат со пракса се препорачува асистенција на стручно лице при изборот на овни. Треба да се напомене дека е неопходна проверка на тестисите. Грла со еден тестис не смеат да се набавуваат за приплод.

Со цел за подобра организација на работните процеси на фармата и соодветна предходна подготовка за поедини производни фази кај овците: бременитост, јагнење, доење, пресушување, се изготвува годишен календар на активностите. Неговата динамика зависи од пазарните услови, расположивата работна рака, производниот правец, климата, расположивите природни ресурси во текот на годината и други фактори. Календарот мора да ги содржи мерките за континуирана здравствена заштита на овците во текот на целата календарска година кои ги изготвува ветеринарен лекар врз основа на производниот календар.

Почетокот на сезоната за мркање го одредувааат климатските услови и пазарот. Важно е да се каже дека таа започнува од втората половина на август до крајот на септември. Пуштањето на овните зависи од шпицот на пазарот на јагнешко месо, кој кај нас е непосредно пред католичкиот велигден. 1-2 месеци пред сезоната на мркање овните се чуваат одвоени од овците, јуни и јули. За расплод се користат телесно добро развиени, приплодно зрели овни и не помлади од една и пол година. Зајакната исхрана на овните се применува 15 дена пред пуштањето во стадото, со додавање на 500-600 гр крмна смеска на ден.

Пресушувањето на овците е најкасно 15 дена пред сезоната на мркање. Се врши шкартирање на старите и болни овци, хронично криви, маститични и без заби. Од подмладокот за расплод во предвид доаѓаат само овците кои имаат навршено 18 месеци старост односно имаат 75% од живата маса на нивните мајки.

Дополнителната исхрана ФЛАШИНГ со 200-300 гр крмна смеска се применува 15 дена пред почетокот на сезоната на мркање. Времето на јагнење зависи од времето на мркање. Бременоста кај овцата трае просечно 5 месеци.

Значителен дел од приходот во овчарството околу 60% се остварува преку млекото односно со продажбата на сирење на домашниот пазар. Тоа за разлика од јагнешкото месо постигнува континуирано стабилна цена и пласман од 3,5-4,5 евра во зависност од квалитетот и подрачјето на производство.

Пласманот на волната е тежок, а нејзината цена е неатрактивна така што голем дел се користи за домашна употреба.

Јагнињата понудени во втората сезона постигнуваат за околу 30% повисока цена што е причина за примена на вонсезонското јагнење кај многу од фармерите. Јагнешкото месо се извезува со кјланична тежина од 7-8 кг, а колењето се изведува во кланици регистрирани од европската унија.

Зоран Бардакоски